СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



# ОДНОСИ НА СОБРАНИЕТО СО ДРУГИТЕ ИНСТИТУЦИИ НА ВЛАСТА

Принципот на поделба на власта е една од темелните вредности на уставниот поредок во Република Северна Македонија. Според Уставот (член 8 став 5), државната власт е поделена на законодавна, извршна и судска.

Во рамките на поделбата на власта се предвидени одредени механизми кои обезбедуваат заемно „влијание“ на законодавната, извршната и судската власт. Соработката помеѓу трите власти има за цел да обезбеди ефикасно вршење на власта без да се наруши рамнотежата меѓу нејзините гранки.

## ОДНОСОТ НА СОБРАНИЕТО СО ИЗВРШНАТА ВЛАСТ

Собранието претставува политички моќна и независна институција која не одговара пред никого освен пред самата себе. Имено, ниту Владата, ниту претседателот на Републиката имаат право да го распуштат Собранието. Од друга страна пак, Собранието може да ѝ изгласа недоверба на Владата, а со тоа и да ја распушти. Во однос на претседателот на Републиката, Собранието има право да покрене постапка за негова одговорност и прекин на мандатот.

Флексибилната поделба на власта како карактеристика на парламентарниот систем може да ја согледаме низ меѓусебната испреплетеност на трите власти. Во рамките на поделбата на власта предвидени се неколку механизми кои обезбедуваат заемно влијание. Во однос на нормативната надлежност Собранието ја нема апсолутната власт, барем кога станува збор за законодавната постапка. Во оваа надлежност, на извесен начин влијание имаат Владата, претседателот на Републиката и Уставниот суд. Владата се јавува како најчест предлагач на закони. Влијание на законодавниот процес има и претседателот на Републиката, кој по правило за секој донесен закон мора да потпише указ за прогласување на истиот (заедно со потписот на претседателот на Собранието). Собранието „влегува” во извршната власт преку: пратеничките прашања, интерпелацијата, прашањето за (не)доверба на владата, изборот и разрешувањето на претседателот и членовите на владата, правото да побара мислење од претседателот на Републиката за прашања од негова надлежност, како и преку правото да покрене постапка за утврдување на одговорност (импичмент) за претседателот на Републиката во случај на кршење на Уставот и законите.




## ОДНОСОТ НА СОБРАНИЕТО СО ВЛАДАТА

Владата на Република Северна Македонија е еден од носителите на извршната власт. Таа ја утврдува политиката на извршувањето на законите и другите прописи донесени од страна на Собранието и воедно е одговорна за нивното извршување. Освен во извршувањето, Владата учествува и во постапката за нивно донесување (законодавната постапка). Според досегашното искуство, таа е единствениот предлагач на буџетот и најчест предлагач на законите. Дополнително, учеството во законодавниот процес Владата го остварува и преку механизмот на давање мислење за оние предлози на закони каде не е предлагач, преку учеството на нејзините претставници во работата на Собранието и неговите работни тела, како и преку правото да иницира свикување на пленарна седница на Собранието.

Владата во Собранието ја претставува претседателот на Владата. Владата определува претставници во Собранието и во работните тела, кои учествуваат во работата и ги изнесуваат ставовите на Владата. Повереницте кои Владата ги определила присуствуваат на седницата на работното тело и даваат известувања и објаснувања за прашањата од дневниот ред.

Од фактот што Владата произлегува од Собранието, произлегува и нејзината политичка одговорност пред него. Уставот на Република Северна Македонија е дециден во однос на тоа дека Владата и секој нејзин член за својата работа одговараат пред Собранието.

Собранието врши постојана контрола над Владата. Контролата над работата на Владата, Собранието го врши на три начина: преку правото да го донесува буџетот, преку инструментите за вршење контрола над работата на Владата (пратенички прашања, интерпелација и други) и преку поведување постапка за изгласување на (не)доверба на Владата. Преку последните два инструмента Собранието врши политичка контрола врз работата на Владата како извршен орган.

Како форма на контрола на законодавната врз извршната власт со Законот за Собрание е предвиден и инструментот надзорна расправа, која се одржува со цел да се добијат информации и стручни мислења за прашања од делокруг на матичното работно тело во врска со утврдувањето и спроведувањето на политиката, извршувањето на законите и другите активности на Владата и на органите на државната управа.

Надзорните расправи ја испитуваат работата на Владата, односно спроведувањето на донесените закони од страна на Владата, како и ефектот на владините функционери и службеници во извршувањето на законските надлежности. При надзорните расправи, пратениците истражуваат до кој степен спроведувањето на законот од страна на Владата ги следи словото и духот на законодавството врз кое се заснова, како и уште пошироко, дали истото е во служба на јавниот интерес.

Владата во своето работење мора да ја ужива довербата на Собранието и преку него поддршката на мнозинството од граѓаните. Собранието може да изгласа недоверба на Владата. Прашање за недоверба на Владата можат да постават најмалку 20 пратеници. Владата, исто така, има право да постави прашање на доверба пред Собранието. Гласањето за доверба на Владата се врши по истекот на три дена од поставувањето на прашањето за доверба. Повторното прашање за доверба не може да се постави пред истекот на 90 дена од последното гласање за доверба освен ако прашањето за доверба го постават мнозинството од вкупниот број пратеници (апсолутно мнозинство). Одлуката за изгласување недоверба се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници. Ако на Владата ѝ е изгласана недоверба должна е да поднесе оставка. Претседателот на Владата поднесува оставка до Собранието во рок од 24 часа од изгласувањето на недовербата.



# ОДНОСОТ НА СОБРАНИЕТО СО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИКАТА

Претседателот на Република Северна Македонија ја претставува Републиката. Тој е врховен командант на вооружените сили и носител на извршната власт заедно со Владата на Република Северна Македонија.
Врз работата на законодавниот дом, претседателот на Републиката влијае со две средства: со известување на Собранието за прашања од негова надлежност најмалку еднаш годишно, како и со правото на суспензивно вето на законите што Собранието ги донесува. Со првиот инструмент, претседателот на Републиката може да бара промена на постојните или донесување нови закони, а со второто средство може привремено да го запре донесувањето на одредени закони кои по негова оцена се неуставни или штетни за Републиката.
За секој донесен закон, претседателот на Републиката треба да потпише указ за прогласување на законот (заедно со претседателот на Собранието). Претседателот може да одлучи да не го потпише указот за прогласување на законот, доколку смета дека не е во согласност со Уставот, нецелисходен, политички штетен или е во спротивност со потврдените меѓународни договори. Доколку претседателот не го потпише указот, законот се враќа во Собранието на повторно разгледување. Доколку Собранието повторно го изгласа законот со апсолутно мнозинство (мнозинство од вкупниот број пратеници), претседателот на Републиката е должен да го потпише указот. Ова т.н. суспензивно вето со кое располага претседателот на Републиката не може да се примени во однос на законите кои се донесуваат со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници (системски закони).
Претседателот на Републиката може да побара свикување на седниците на Собранието, да биде известен за дневниот ред на Собранието, да присуствува и да учествува во работата на Собранието, како и да биде известен за изборот на Владата или за изгласаната недоверба на Владата.
Од друга страна, Собранието врши одредено влијание врз работата на претседателот на Републиката. Собранието може да побара од претседателот на Републиката мислење за прашања од негова надлежност. Барајќи мислење, Собранието, всушност врши увид во начинот и квалитетот на вршењето на уставните функции на претседателот на Републиката.
Собранието има право да покрене постапка за одговорност на претседателот на Републиката, доколку смета дека претседателот е одговорен за кршење на Уставот и законите во вршењето на своите права и должности. Предлог за покренување постапка за утврдување одговорност на претседателот на Републиката, можат да поднесат најмалку 30 пратеници. Во предлогот се образложени причините заради кои се покренува постапка, опис и докази за дејствијата со кои претседателот на Републиката ги прекршил Уставот и законите во вршењето на своите права и должности. Претседателот на Собранието го доставува предлогот до пратениците и до претседателот на Републиката. Собранието основа комисија за оценување на основаноста на предлогот, која треба во рок од седум дена да поднесе извештај до Собранието. Претседателот на Републиката има право до Комисијата да достави писмено изјаснување за наодите од предлогот за покренување постапка за утврдување на одговорност. Претседателот на Собранието го доставува извештајот до пратениците и до претседателот на Републиката и свикува седница. На седницата претседателот на Републиката има право писмено или усно да се изјасни по наодите од предлогот и по извештајот на Комисијата. Доколку иницијативата ја поддржат најмалку две третини од пратениците, таа се упатува до Уставниот суд кој е единствен надлежен да одлучува по ова прашање.



# ОДНОСОТ НА СОБРАНИЕТО СО СУДСКАТА ВЛАСТ

Судската власт ја вршат судовите. Судовите во својата работа се независни и самостојни.

Законот со кој се уредуваат видовите, надлежноста, основањето, укинувањето, организацијата и составот на судовите, како и постапката пред нив, се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници во Собранието. Исто така, Собранието го утврдува судскиот буџет и избира дел од членовите на Судскиот совет. Тројца од членовите на Советот ги избира Собранието со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија. Собранието избира уште двајца членови на Советот, на предлог на претседателот на Републиката, од кои еден е припадник на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија.
Сите членови на Советот, без разлика дали се избрани или членови по функција даваат свечена изјава пред претседателот на Собранието. Советот за својата работа поднесува Годишен извештај до Собранието најдоцна до 30 април во тековната година за претходната година. Доколку Собранието не го усвои извештајот, тоа ќе биде основ за поведување на расправа пред органите што ги избрале членовите на Судскиот совет за оцена на нивната работа во Советот.






# ОДНОСОТ НА СОБРАНИЕТО СО УСТАВНИОТ СУД

Уставниот суд, како орган кој ја штити уставноста и законитоста, може да укине или да поништи закон ако утврди дека тој не е во согласност со Уставот. На тој начин, Уставниот суд влијае врз законодавната дејност на Собранието. Собранието ги избира судиите на Уставниот суд. Шест судии се избираат со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, додека останатите тројца со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија.

ПРОГРАМА ЗА **ПАРЛАМЕНТАРНА ПОДДРШКА**
PROGRAMI PËR **MBËSHTETJE PARLAMENTARE**
**PARLIAMENT SUPPORT** PROGRAMME

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Schweizerische Eidgenossensch
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

**Swiss Agency for Developme
and Cooperation SDC**

ИМПЛЕМЕНТИРАНО ОД:

NDI
NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE

IDSCS

Центар за Управување со Промени

Оваа публикација е подготвена од Парламентарниот институт во рамки на Програмата за парламентарна поддршка (ПСП), која е поддржана од Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ) преку Амбасадата на Швајцарската Конфедерација во Република Северна Македонија.

ПСП се спроведува од Националниот демократски институт (НДИ), Институтот за демократија „Социетас Цивилис“ – Скопје (ИДСЦС) и Центарот за управување со промени (ЦУП). Содржината на публикацијата на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на СДЦ.

Август, 2022